РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада"бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

Бр. 08-398/6
20-10-2026 год.
Скопје

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018 и „Сл. весник на РСМ" бр. 178/2021; 58/2024 и 124/2025) и Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-402/2-X-9 од 20.10.2026 год., Деканот на Факултетот распишува интерен

ОГЛАС
за избор на демонстратори за учебната 2026/2027 година

I. Се распишува интерен оглас за избор на четири (4) демонстратори од редот на студентите, како помошници во наставно-образовниот процес, а за потребите на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје за следните катедри и предмети:

- **Катедра за конструкции и подготовка на производството**, 1 извршител по следните предмети:

Зимски семестар
- Елементи на дрвните конструкции, 2 часа неделно

Летен семестар
- Техничка механика, 2 часа неделно
- Конструирање на мебел и ентериер, 2 часа неделно
- Градежна столарија, 2 часа неделно
- Подготовка на производството, 2 часа неделно

- **Катедра за примарна преработка на дрвото,** 1 извршител по следните предмети:

Зимски семестар
- Хидротермичка обработка на дрвото - 2 часа неделно
- Пластификација на дрвото – 2 часа неделно
- Материјали од дрво – 2 часа неделно

Летен семестар
- Хемиска преработка на дрвото – 2 часа неделно
- 3Д Графика - 2 часа неделно
- Технички својства на дрвото – 2 часа неделно.

- **Катедра за технологија на финалното производство,** 1 извршител по следните предмети:

Зимски семестар
- Технологија на мебел и финални производи - 3 часа неделно
- Познавање на помошните материјали – 2 часа неделно
- Резбарство – 2 часа неделно

Летен семестар
- Површинска обработка на дрвото – 2 часа неделно
- Технологија на тапациран материјал - 2 часа неделно
- Технологија на лепење – 2 часа неделно.

- **<u>Катедра за машини, енергетика и транспорт,</u>** 1 извршител по следните предмети:

Зимски семестар

- Машини со енергетика - 2 часа неделно;
- Машини и транспорт - 2 часа неделно;
- Теорија на режење на дрвото - 2 часа неделно;
- Инженерска графика - 2 часа неделно.

Летен семестар

- Внатрешен транспорт - 2 часа неделно;
- Програмирање на машини со нумеричко управување - 2 часа неделно.

II. Кандидатот треба да ги исполнува следниве услови:

- да е студент на втор или трет циклус студии по можност од соодветната студиска програма со просечен успех на студиите од минимум 8,00 (осум);
- активно да се служи со англискиот јазик;
- да има способност за работа и за комуникација со студенти.

III. Кандидатот треба да достави:

- Пријава
- докази за исполнетост на горенаведените услови од огласот (точка II, алинеја 1 и 2)
- кратка биографија.

Документите се предаваат во архивата на Факултетот, најдоцна до 28.10.2026 год. (среда).

Декан

Проф. д-р Ѓорги Груевски